Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-53/19
25.4 2017 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) ПЕДАГОГИЈА, ТЕОРИЈА НА ВОСПИТУВАЊЕ И МЕТОДИКА

## НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 24 март 2017 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", за избор на еден **наставник** (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): **педагогија, теорија на воспитување и методика** и врз основа на Одлуката бр.04-53/19 од 19.04.2017 год. донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на **XXXIV** редовна седница одржана на **19. IV 2017** година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Снежана Адамческа, редовен професор (во пензија) на Филозофскиот факултет, д-р Вера Стојановска, редовен професор на Филозофскиот факултет и д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, редовен професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот: „Гоце Делчев"-Штип.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): педагогија, теорија на воспитување и методика во предвидениот рок се пријави кандидатката проф. д-р Анета Баракоска, редовен професор на Институтот за Педагогија.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката проф. д-р Анета Баракоска е родена на 01.11.1964 година во Скопје. Средно образование завршила во 1983 година во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за педагогија. Дипломирала во 1987 година, со просечен успех 8,47. Кандидатката активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

По дипломирањето во 1988 година се вработува на Филозофскиот факултет при Институтот за педагогија како приправник. Една година подоцна била избрана во звањето помлад асистент по предметите општа педагогија I дел, општа педагогија II дел и методика на воспитна работа. Во 1988 година кандидатката се запишала на постдипломски (магистерски) студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 1994 година, со просечен успех 9,00. На 29.06.1994 год. го одбранила магистерскиот труд на тема: *„Педагошките карактеристики на трансформацијата на Пионерската во Детска организација"* и се здобила со научно звање-магистер по педагошки науки. Во 1995 година кандидатката е избрана за асистент во научните области (дисциплини), општа педаагогија 1 и 2 и методика на воспитна работа на Институтот за педагогија.

Докторската дисертација на тема: *„Слободното време на учениците како педагошки проблем"* ја пријавила на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, а на 27.06.2002 година ја одбранила пред Комисија во состав: проф. д-р Марија Костова, проф. Љупчо Копровски, проф. д-р Благородна Лакинска, проф. д-р Натка Мицковиќ и проф. д-р Киро Камберски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по педагошки науки.

Во 2003 година на Филозофскиот факултет-Скопје, при Институтот за педагогија е избрана во наставно-научното звање доцент за научните области (дисциплини): основи на педагогија, теории на воспитанието, методика на воспитна работа и педагогија на слободно време. Во 2007 година е избрана во звањето вонреден професор за научните области

(дисциплини): педагогија, теорија на воспитување и методика, а во 2012 година е избрана во звањето редовен професор за истите научни области (дисциплини).

Во моментот проф. д-р Анета Баракоска работи како редовен професор на Институтот за педагогија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1035/69 од 16.07.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во следниве билтени: Билтен бр. 631/161 од 18.01.1995 год., Билтен бр. 710/192 од 12.06.1998 год., Билтен бр.786/281 од 01.10.2001 год., Билтен бр. 818/181 од 08.01.2003 год., Билтен бр. 929/161 од 01.11.2007 год. и Билтен бр. 1035/69 од 16.07.2012 година како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 1. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет-Скопје, кандидатката проф. д-р Анета Баракоска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиските програми по педагогија, дефектологија, семејни студии како и на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошка доквалификација. Настава изведува и на катедрата за Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје. Во рамките на втор циклус студии кандидатката изведува настава на три студиски програми и тоа: педагошки науки, менаџмент во образованието и менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности.

Кандидатката проф. Баракоска наставната работа ја реализира на високо академско ниво, со ентузијазам и нови идеи што значително влијае на осовременувањето и подигнувањето на квалитетот на високото образование. Извршувајќи ги своите обврски во рамките на наставата таа одржала и голем број на консултации со студентите за предметите кои ги предава.

Со воведувањето на новиот концепт на Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции, кандидатката подготвила повеќе нови предмети кои се дел од акредитираната студиски програма за ППМ Доквалификација на Филозофскиот Факултет во Скопје. За потребите на наставата, д-р Баракоска подготвила пакет материјали за десет предмети за кои изведува настава на студиските програми од прв и втор циклус на студии.

Кандидатката била ментор на 34 дипломски работи. Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 42 дипломски, 33 магистерски трудови и на 16 докторски дисертации.

Активностите кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Анета Баракоска во делот на научноистражувачката работа во изминатиот период од нејзиниот последниот избор има објавено вкупно 18 научни труда од областите: педагогија, теорија на воспитување и методика од кои 8 труда се со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 10 труда со оригинални научно-стручни резултати објавени во зборници на трудови од научен/стручен собир со меѓународни уредувачки одбори, 1 пленарно предавање на научен/стручен собир, 1 пленарно

предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество, 1 секциско предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество, 12 учества на научно/стручни собири со реферат, 3 абстракти објавени во зборници на меѓународни конференции.

Објавените научноистражувачки трудови на проф. д-р Анета Баракоска покажуваат извонредни постигања кои се одраз на нејзиниот растеж како научник во областите во кои се врши повторен изборот за редовен професор. Од поголемиот број на објавени трудови ќе анализирме само дел од оние кои го презентираат фокусот на нејзиниот научно-истражувачки интерес и имаат претежно меѓународно значење:

- **Barakoska, A.,** Jovkovska, A., *Pedagogical and Psyhological Basis of Moral Eduication,* Internatonal Journal of Cognitve Research n Scence, Engneerng and Education,(IJCRSEE) Vol.2, Issue1, December 2013. ISSN 2334-847X (Printed). ISSN 2334-8496 (Online).Scientific Journal Impact Factor Value for 2012 = 3.459; Global Impact Factor for 2013=0.514; IC Journals Master List 2012 - ICV 2012: 5.31

Во научниот труд се прави анализа на педагошката и психолошката литература од аспект на моралното воспитание која покажува дека моралните вредности дејствуваат како база во воспитанието и образованието на секој ученик поединечно. Моралното воспитание засновано врз хуманизмот е срцта во признавањето на апсолутната вредност на човекот и приоритет на неговото право за целосна реализација на способностите и интересите. Во основата на моралните вредности се наоѓа културно-историското искуство на претходните генерации за доброто на сопственото „Јас", другите, општеството и природата. Кај религиозните луѓе, религиските вредности многу придонесуваат за градење на моралниот карактер. Основата на моралните вредности е ориентирана кон животот, човекот, традицијата и принципите на хуманизмот. При крајот на школувањето учениците ја изградуваат вредносната перцепција за животот и формираат морални ориентации и вредности. Формираните морални вредности имаат регулаторна функција во животот на ученикот. Истражуваниот проблем е поврзан со хуманизацијата на воспитно-образовниот процес.

- **Barakoska, A.,** Stojanovska, V., Rizova, E., *Contemporary management and the benefits of it's implementation in educational organizations in the Republic of Macedonia,* National school for Leadership, Vodenje v vzgoji in izobrazevanju, Special Issue /2014 , Volumen 12, ISSN 1581-8225., pg.191-201

Во овај труд се презентираат теориски и емпириските сознанија од научно истражување на придобивките од воведувањето на современиот концепт на менаџментот во основното образование во Република Македонија. За таа цел испитани се мислења и ставови на наставници и директори од десет основни училишта на територијата на град Скопје. Заклучоците од истражувањето упатуваат на тоа дека менаџментот иако не се остварува во доволна мера сепак има свое влијание и значење и е во функција на подобрување на работата во училиштето. Постојат различни придобивки и позитивности кои влијаат на успешното функционирање на воспитно-образовните организации за што позитивно се изјасниле и директорите и наставниците од училиштата опфатени со примерокот на истражување. Сознанијата говорат дека новото време бара училишта од нов тип, а, пак, таквите училишта бараат директори од нов ков-директори менаџери, вистински лидери во своите средини. Воспитанието како општествена појава и процес влијае врз развојот и формирањето на човекот, а менаџментот, преку и со човекот влијае врз развојот на општеството, поконкретно влијае врз задоволување на човековите потреби преку продуцирање на материјални и духовни добра.

- **Barakoska, A.,** Kostov, B., *The Discipline Ethics and Religion Possibility of Understanding One Another,* YILDIZ Internationnal conference on educational research and socil sciences proceedings book, Pegem akademi, YILDIZ University-Istanbul Turkey, (2014), ISBN 978-605-318-079-1

Во трудот појдовна теза е тврдењето дека педагогијата треба да го определи својот однос кон религијата. Така било во минатото, а така е и денес, без оглед на тоа дали тоа се прави на официјален и писмен начин. Самото прикривање на евентуален спор или судир помеѓу училиштето и црквата е веќе еден конкретен став и израз на меѓусебните односи. Основната

причина е во самата природа на педагогијата како наука и воспитувањето како процес кој се однесува на целата личност на воспитаникот. Современата педагогија, како критичко мислење за воспитувањето треба да ги оцени сите негови аспекти и внатрешни разлики. Доколку во училишното воспитание не постојат елементи на религијско воспитание, тоа воопшто не значи дека тоа не постои паралелно, непосредно и во други институции (семејство, верски објекти, организации за млади и.т.н.). Со тоа и училиштето е доведено во ситуација да се занимава со ова прашање, без оглед дали е за тоа расположено и оспособено. Во трудот се истакнува дека деструктивните тенденции изразени преку криза на моралот и дехуманизација ја наметнуваат потребата од етиката и религијата како основни човечки духовни сили кои можат да ја зајакнат смислата на човековото постоење. Но се разбира тие не се единствениот извор на моралните норми, затоа што тие се градат и врз интересите на луѓето и општествените односи во едно општество, во смисла на нивно почитување, обезбедување на животни потреби, односи меѓу генерациите, класите и другите социјалн групи. Образованието се темели на хуманистичка парадигма која е насочена кон целосен и разностран развој на личноста и создавање на можности и способности ученикот сам да се определи за разновидните перспективи кои му се откриваат.

- Jovkovska, A., **Barakoska, A.**, *The role of Educaton in the Formation of values and value orientations among adolescents*, (IJCRSEE) Vol.3, Issue2, December 2014. ISSN 2334-847X (Printed). ISSN 2334-8496 (Online). Scientific Journal Impact Factor Value for 2012 = 3.459; Global Impact Factor for 2013=0.514; IC Journals Master List 2012 - ICV 2012: 5.31

Во научниот трудот се истражува концептот на вредностите и вредносните ориентации, како и улогата на образованието во процесот на нивното формирање кај адолесцентите од средна и доцна адолесценција. Претставени се и дискутирани резултатите од едно поголемо истражување во врска со разликите во вредностите и вредносните ориентации кај адолесцентите со различен вид на образование и тоа кај: а) адолесценти кои изучуваат религиски предмети и етика; б) адолесценти кои изучуваат етика и в) адолесценти кои не изучуваат ниту религиски предмети, ниту етика. Добиените наоди сведочат за присуство на разлики во вредносниот систем кај адолесцентите со различен вид на образование по однос на следниве инструментални вредности: соработка, чесност, решителност, способност, помагање, чисто, великодушност, логичност и натпреварување. Разлики постојат и по однос на терминалните вредности: возбудлив живот, мир во светот, себепочитување, душевен мир, рамноправност, економска благосостојба, задоволство и социјална правда. По однос на испитуваните животни стилови, пронајдени се разлики помеѓу испитуваните групи адолесценти во следниве вредносни ориентации: семејна, алтруистичка, утилитарна, популарна и индивидуалистичка, како и при религиозноста, хедонизмот и моќта.

- **Barakoska, A.**, Stojanovska, V., *Leasure time activities seen through the prism of the primary schools*, VII Medzunarodna naucno -strucna konferencija "Unapredzenje kvaliteta zivota gjece i mladih", Tematski zbornik, Udruzenje za podrsku i kreativni razvoj djece i mladih, edukacijsko rehabilitaciski fakutet Univerziteta u Tuzli, Bosna i Hercegovina, 2106, ISSN 1986-9886

Истражувачкиот интерес во научниот труд се слободните активности кои претставуваат посебен облик на воспитно-образовна работа со учениците кои ги организира училиштето вон наставата, во нивното слободно време. Учениците слободните активности ги гледаат како простор во кој можат слободно да се дружат, да учат, да се забавуваат, да стекнуваат нови вештини и активно да учествуваат во животот и работата на училиштето. Во трудот преку емпириско истражување се дава одговор на прашањето дали училиштата од основно образование посветуваат доволно внимание на организацијата и реализацијата на слободните активности, какви видови на слободни активности им се нудат на учениците и дали во изборот на слободни ученички активности се почитува интересот на ученикот и принципот на слободен избор. Во истражувањето е опфатен примерок на ученици од неколку основни училишта на територијата на град Скопје - Република Македонија. Резултатите од истражувањето овозможуваат да се согледа односот на училиштето кон организацијата и реализацијата на

слободните активности, видот на активности кои се нудат, почитувањето на интересите на учениците и принципот на слободен избор.

- **Barakoska, A.**, Stojanovska, V., Stošić, L. (2015). *Impact of the school climate on the effectiveness of the school from the teaching staff perspective*, ITHEA International Journal Information Content and Processing (IJ ICP), Vol.3, Number 3 ISSN 2367-5128 (printed). ISSN2367-5152 (online). Pages 314-320. *The III International forum on cognitive modeling (IFCM-2015)*, September 14-21, Varna Bulgaria.

Во овој научно-истражувачки труд се елаборира значењето на училишната клима за унапредувањето на работата на училиштата со цел тие да станат динамични и ефективни со изразена тенденција за обезбедување на квалитет во образпванието. Најнапред се разгледуваат неколку теориски пристапи по однос на дефинирањето на поимот училишна клима, при што се забележува неконзистентност на употребата на поимите, содржината и методологијата на истражување на оваа проблематика. Потоа се презентираат главните истражувачки методи и постаки за прибирање и обработка на податоците. Во контекст на подигнување на ефективноста на воспитно-образовните организации утврдена е корелација по однос на влијанието на училишната клима врз ефективноста во работењето на основните училишта.

Анализата на трудовите на кандидатката д-р Анета Баракоска ја покажуваат нејзината автентичност, максимална посветеност и способност за теориска и емпириска елаборација за истражувачки проблеми во кои се бара научен пристап. Во трудовите авторката доаѓа до нови сознанија кои ги презентира со јасен и чист стил на изразување. Научниот опус во објавените трудови укажува на фактот дека во изминатите години нејзина преокупација биле прашањата од научните области за кои се реизбира и тоа: педагогија, теорија на воспитување и методика.

Кандидатката проф. д-р Анета Баракоска е автор на монографија/научно издание со наслов *„Педагогија на слободно време“* во издание на Филозофски Факултет-Скопје/2016 ISBN 978-608-238-106-0

Во оваа научна монографија авторката слободното време го проучува како составен дел, претпоставка и фактор кој влијае врз целокупната теориска, концепциска и организациска поставеност на современото воспитание и образование. Монографијата е второ, изменето и дополнето, издание. Карактеристично е тоа што ова издание содржи Педагошки практикум: вежби, прашања и задачи кои треба да им овозможат на студентите поквалитетно и полесно совладување на содржините кои ги усвојуваат на предавањата и вежбите. Преку практикумот на студентите им се овозможува постудиозно и самостојно да ги проверуваат своите знаења и да развиваат критички ставови по однос на теориските основи на педагогијата на слободното време и нејзина практична реализација. Содржината на монографијата нуди актуелни теми кои треба да побудат интерес кај студентите, воспитувачите, наставниците, родителите, односно, кај сите оние кои од било која причина се интересираат за педагогија на слободно време и нужно во својата работа ја организираат и унапредуваат практичната реализација на слободното време на децата и младите.

Проф. д-р Анета Баракоска била раководител на 1 национален проект и остварила учество како член во 1 национален научен проекти.

Кандидатката била ментор на 25 магистерски и 5 докторски труда.

Активностите кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Анета Баракоска активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за педагогија, на Филозофскиот факултет во Скопје, но и пошироко.

Кандидатката е автор на книга од стручна област, под наслов *„Општа педагогија“* во издание на Филозофски Факултет-Скопје, од 2013 година. Книгата ги има сите карактеристики на учебник и во неа се обработени оние содржини кои треба студентите да ги воведат во елементарниот простор на педагошката наука. Во книгата авторката ги обработува основните прашања кои концепциски и структурно припаѓаат на општата педагогија како научна

дисциплина. Според овој материјал студентите го подготвуваат испитот Општа педагогија на Институтот за педагогија и Дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Д-р Анета Баракоска е координатор за подготовка на елаборат за акредитација на студиската програма по Педагогија (прв циклус на студии) за академската 2018/2019 на Филозофскиот факултет во Скопје. Исто така во 2012/2013 била координатор за подготовката на елаборат за нова Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ–Доквалификација.

Во делот на експертските активности, кандидатката била обучувач на работилници за воспитувачи, наставници и педагози за Упатството за изведување наставна пракса на студентите од наставничките факултети (Мисијата на ОБСЕ во Скопје), Институт за педагогија, Филозофски факултет, УКИМ-Скопје, 2013.

Д-р Анета Баракоска активно се вклучува во експертските активности како рецензент за објавување трудови во научно-стручни домашни и меѓународни списанија. Рецензент е на две книги од стучна област и една монографија.

Забележителен е ангажманот на кандидатката д-р Анета Баракоска во промотивни активности на Филозофскиот факултет и Институтот за педагогија во периодот од нејзиниот последен избор до денес.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии, работни групи при Филозофскиот факултет во Скопје:

- претседател на програмски и организациски одбор - Денови на педагогијата 2016, „Педагогијата на дело". Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија. 18.5.2016 г.;
- промотор на Меѓународно списание за образование, истражување и обука/International Journal for Education, Research and Training (IJERT). Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија. 18.11.2015 г.;
- претседател на програмски и организациски одбор-Денови на педагогијата 2013, „Педагогот во современата воспитно-образовна практика". Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија, 15.5.2013 г.;
- претседател на програмски и организациски одбор-Денови на педагогијата 2012 – во знак на проектни активности. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Филозофски факултет, Институт за педагогија. мај 2012 г.

Кандидатката е уредник на 2 меѓународни научно-стручни списанија, член е на уредувачки одбор на 3 меѓународни научно-стручни списанија, уредник е на 1 зборник на трудови од научен/стручен собир и член е на уредувачки одбор на 3 зборника на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество. Била член на 8 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање. Во изборниот период, д-р Анета Баракоска учествувала во изготвување и пријавување на 1 научен/образовен национален проект под наслов: *Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции*, УКИМ-Скопје, Инстиут за педагогија/Филозофски факултет, 2015/2016 год.

Во овој изборен период, д-р Анета Баракоска остварила и учества во комисии за доделување на државни награди за 2012 година и тоа: „Св Климент Охридски" и „13 Ноември" на Град Скопје.

Активностите кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Анета Баракоска во изминатиот период, од изборот во звањето редовен професор има добиено позитивни оценки од анонимно спроведените анкети со студентите од Филозофскиот факултет во Скопје.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Баракоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анета Баракоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде реизбрана во звањето редовен професор во научнаите области педагогија, теорија на воспитување и методика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Анета Баракоска да биде реизбрана во звањето **редовен професор** во научните области педагогија, теорија на воспитување и методика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Снежана Адамческа**
2. **Проф. д-р Вера Стојановска**
3. **Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева**

# ОБРАЗЕЦ

*Анекс 2*

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Анета Тодор Баракоска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Филизофски факултет-Скопје, Институт за педагогија***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Настава на прв циклус на студии** | |
| 1. | Општа педагогија 1 (4+0 ) зимски семестер 2012/2013<br>Бр. на часа неделно 4* 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| 2. | Теорија на воспитанието 1 (4+0) зимски семестер 2012/2013<br>Бр. на часа неделно 4 * 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| 3. | Педагогија (Институт за дефектологија) 3+0 зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,8 | 1,8 |
| 4. | Методика на воспитна работа (3+0) зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 5. | Општа педагогија 2 (4+0) летен семестер 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 6. | Педагогија (општ курс) (2+0) летен семестер Филолшки факултет- англиски јазик икнижевност 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 7. | Педагошко водење (3+0) летен семестер 2012/2013<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 8. | Домска педагогија (3+0) зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 9. | Педагогија на слободно време (3+0) зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 10. | Општа педагогија (4+0) зимски семестар 2013/2014<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,8 | 1,8 |
| 11. | Педагогија (општ курс) 2+0 летен семестар Филолошки факултет англиски јазик и книжевност 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,2 | 1,2 |
| 12. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ/ Институт за педагогија) (2+0) летен семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 13. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ/Историја со архивистика) (2+0) летен семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 14. | Педагошко водење (3+0) летен семестар 2013/2014<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,8 | 1,8 |
| 15. | Домска педагогија (3+0) зимски семестар 2013/2014 | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,8 | |
| 16. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ/Институт за Дефектологија) (3+0) зимски семестар 2013/2014<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1.8 | 1,8 |
| 17. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (3+0) зимски семестар 2013/2014 (Социологија, Безбедност одбрана и мир)<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,8 | 1,8 |
| 18. | Педагогија на слободно време (социјално-педагошка група) (менторски) (3+0) летен семестар 2013/2014<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 19. | Општа педагогија (4+0) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| 20. | Општа педагогија(од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (3+0) зимски семестар 2014/2015 (Институт за Дефектологија)<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,8 | 1,8 |
| 21. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (2+0) летен семестар 2014/2015<br>Бр.2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,2 | 1,2 |
| **22.** | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (2+0) летен семестар 2014/2015 (Семејни студии)<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,2 | 1,2 |
| **23.** | Педагошко водење ( 3+0) летен семестар 2014/2015<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| **24.** | Педагогија (општ курс) (2+0) летен семестар 2014/2015 Филолошки факултет Англиски јазик и книжевност<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| **25.** | Општа педагогија(од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (3+0) зимски семестар 2014/2015 (Социологија, Семејни студии, Безбедност одбрана и мир)<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| **26.** | Општа педагогија (4+0) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| **27.** | Методика на воспитна работа (4+0) летен семестар 2015/2016<br>Бр. 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| **28.** | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (3+0) зимски семестар 2015/2016 (Институт за Дефектологија)<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| **29.** | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (2+0) летен семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| **30.** | Педагогија (општ курс) (2+0)летен семестар 2015/2016 Филолошки факултет Англиски јазик и книжевност | 1,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | |
| 31. | Општа педагогија (студенти кои го презапишале предметот) (4+0) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| 32. | Општа педагогија (4+0) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 2,4 | 2,4 |
| 33. | Општа педагогија(од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (3+0) зимски семестар 2016/2017 (Институт за Дефектологија, Социјална работа и социјална политика)<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 34. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ (3+0) зимски семестар 2016/2017 (Семејни студии, Безбедност одбрана и мир, Социологија)<br>Бр. 3 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,8 | 1,8 |
| 35. | Педагогија (општ курс) (2+0) летен семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =1,2 | 1,2 |
| 36. | Методика на воспитна работа (4+0) летен семестар 2016/2017<br>Бр. 4 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =2,4 | 2,4 |
| 37. | Педагогија на слободно време (2+0) летен семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 38. | Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ - Доквалификација Педагогија (3+2+1) летен и зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br>Бр. 1.5 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 =0,9 *2=1,8*4=7,2 | 7.2 |
| 39. | Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ ППМ - Доквалификација Методика на воспитна работа (2+1+1) летен/зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br>Бр. 1,33 на часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 0,798 * 2= 1,596*4=6,384 | 6,384 |
| 40. | Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ ППМ - Доквалификација Етика во образованието (2+1+1) летен/зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br>Бр. 2 на часа неделно * 15 недели во семестар 30 * 0,04 = 1,2* 2=2,4*4=9,6 | 9,6 |
| | **Одржување на вежби аудиториски** | |
| 41. | Општа педагогија 1 (0+2) зимски семестер 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 42. | Теорија на воспитанието 1 (0+2) зимски семестер 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно 2 * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 43. | Педагогија (Институт за дефектологија) (0+2) зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 44. | Методика на воспитна работа (0+2) зомски семестар 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 45. | Општа педагогија 2 (0+2) летен семестер 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 46. | Педагошко водење (0+2) летен семестер 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 47. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 48. | Педагогија на слободно време (0+2) зимски семестар 2012/2013<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 49. | Општа педагогија (0+2) зимски семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 50. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+2) летен семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 51. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+2) летен семестар 2013/2014 -Историја со архивистика<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 52. | Педагошко водење 0+2 летен семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 53. | Методика на воспитна работа (менторски) (0+2) зимски семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 54. | Домска педагогија (0+2) зимски семестар 2013/2014<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 55. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+1) зимски семестар 2013/2014 (Институт за Дефектологија)<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,45 | 0,45 |
| 56. | Општа педагогија (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+1) зимски семестар 2013/2014 (Социологија, Безбедност одбрана и мир)<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,45 | 0,45 |
| 57. | Општа педагогија (0+2) зимски семестар 2014/2015<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 58. | Општа педагогија ( од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+1) зимски семестар 2014/2015 (Институт за Дефектологија)<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,45 | 0,45 |
| 59. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+2) летен семестар 2014/2015 (Педагогија)<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 60. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+2) летен семестар 2014/2015 (Семејни студии)<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 61. | Педагошко водење 0+2 летен семестар 2014/2015 | 0,9 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | |
| 62. | Општа педагогија(од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+1) зимски семестар 2014/2015 (Социологија, Семејни студии, Безбедност одбрана и мир)<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,45 | 0,45 |
| 63. | Општа педагогија (0+2) зимски семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 64. | Методика на воспитна работа (0+2) летен семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 65. | Педагогија на слободно време (од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ) (0+2) летен семестар 2015/2016<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 66. | Општа педагогија (0+2) зимски семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 67. | Методика на воспитна работа (0+2) летен семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 68. | Општа педагогија(од листата слободни изборни предмети на Филозофски факултет и УКИМ (0+1) зимски семестар 2016/2017 (Семејни студии, Безбедност одбрана и мир, Социологија)<br>Бр. 1 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,45 | 0,45 |
| 69. | Педагогија на слободно време (0+2) летен семестар 2016/2017<br>Бр. 2 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| | **Настава на втор циклус на студии** | |
| 70. | Педагошки правци и учења (6 часа), зимски семестар, 2012/2013<br>Бр. часа 6 * 0,05= 0,3 | 0,3 |
| 71. | Образовен менаџмент (5 часа), зимски семестар, 2012/2013<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 72. | Директорот како педагошки раководител (5часа), летен семестар, 2012/2013<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 73. | Општествена и образовна политика (5часа), летен семестар, 2012/2013<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 74. | Избор, обука и развој на човечките ресурси (8 часа), зимски семестар, 2012/2013<br>Бр. часа 8 * 0,05= 0,4 | 0,4 |
| 75. | Комуникација и водство во организациите (2 часа), летен семестар, 2012/2013<br>Бр. часа 2 * 0,05= 0,1 | 0,1 |
| 76. | Педагошки правци и учења (8 часа) (зимски семестар) 2013/2014<br>Бр. часа 8 * 0,05=0,4 | 0,4 |
| 77. | Педагошки правци и учења (8 часа) (зимски семестар) 2014/2015<br>Бр. часа 8 * 0,05=0,4 | 0,4 |
| 78. | Педагошки правци и учења (8 часа) (зимски семестар) | 0,4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | 2015/2016<br>Бр. часа 8 * 0,05= 0,4 | |
| 79. | Педагошки правци и учења (8 часа) (зимски семестар) 2016/2017<br>Бр. часа 8 * 0,05=0,4 | 0,4 |
| 80. | Менаџмент и претприемништво во образованието (8 часа) (зимски семестер) 2013/2014<br>Бр. часа 8 * 0,05= 0,4 | 0,4 |
| 81. | Менаџмент и претприемништво во образованието (8 часа) (зимски семестер) 2014/2015<br>Бр. часа 8 * 0,05=0,4 | 0,4 |
| 82. | Менаџмент и претприемништво во образованието (8 часа) (зимски семестер) 2015/2016<br>Бр. часа 8 * 0,05=0,4 | 0,4 |
| 83. | Менаџмент и претприемништво во образованието (8 часа) (зимски семестер) 2016/2017<br>Бр. часа 8 * 0,05=0,4 | 0,4 |
| 84. | Општествена и образовна политика (3 часа) (летен семестер) 2013/2014<br>Бр. часа 3 * 0,05=0,15 | 0,15 |
| 85. | Општествена и образовна политика (3 часа) (летен семестер) 2014/2015<br>Бр. часа 3 * 0,05=0,15 | 0,15 |
| 86. | Општествена и образовна политика (3 часа) (летен семестер) 2015/2016<br>Бр. часа 3 * 0,05= 0,15 | 0,15 |
| 87. | Директорот како педагошки раководител (3 часа) (летен семестер) 2013/2014<br>Бр. часа 3 * 0,05=0,15 | 0,15 |
| 88. | Директорот како педагошки раководител (3 часа) (летен семестер) 2014/2015<br>Бр. часа 3 * 0,05= 0,15 | 0,15 |
| 89. | Директорот како педагошки раководител (3 часа) (летен семестер) 2015/2016<br>Бр. часа 3 * 0,05= 0,15 | 0,15 |
| 90. | Избор, обука и развој на човечките ресурси (5 часа) (зимски семестар) 2013/2014<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 91. | Избор, обука и развој на човечките ресурси (5 часа) (зимски семестар) 2014/2015<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 92. | Избор, обука и развој на човечките ресурси (5 часа) (зимски семестар) 2015/2016<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 93. | Избор, обука и развој на човечките ресурси (5 часа) (зимски семестар) 2016/2017<br>Бр. часа 5 * 0,05= 0,25 | 0,25 |
| 94. | Комуникација и водство во организациите (3часа) (летен семестар) 2013/2014<br>Бр. часа 3 * 0,05= 0,15 | 0,15 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 95. | Комуникација и водство во организациите (3часа) (летен семестар) 2014/2015<br>Бр. часа 3 * 0,05= 0,15 | 0,15 |
